STAND BY

ЉУПЧО ЗИКОВ

ДОНАЛД ТРАМП 2.0, И НИЕ СЕ РАЗБИРА...!?

АНА БРЗАКОВИЌ

експерт за маркетинг и комуникација

ТРЕБА ДА ГО РЕДЕФИНИРАМЕ НАЧИНОТ НА КОЈ ЖИВЕЕМЕ И РАБОТИМЕ!

ЗАБЛУДИ И МИТОВИ ЗА РАБОТАТА ШТО ТРЕБА ДА ГИ ОТФРЛИМЕ

ISBN 978-9989-2025-2-0

business magazine

Капитал

БРОЈ **1177** | **29 ноември 2024 пе**
година 25 | цена **200** ден.

АНАЛИЗА

ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ СО АМЕРИКАНСКАТА И СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА ПО НАЈАВИТЕ НА ТРАМП ЗА ВИСОКИ ЦАРИНИ КОН КАНАДА, МЕКСИКО, ЕВРОПА И КИНА

ДОБИВА ИЛИ ГУБИ САД СО ЦАРИНИТЕ НА ТРАМП: ИЛИ ТАРИФИ, ИЛИ САД ЌЕ ПРЕСТАНАТ ДА ЈА БРАНАТ ЕВРОПА

INTERVIEW

ТРАЈАН АНГЕЛОСКИ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ - ПОВОД 20 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ССК

БИ МОЖЕЛЕ ДА БИДЕМЕ ЕКОНОМСКИ ТИГАР ВО РЕГИОНОТ, НО САМИ СИ ЈА УНИШТУВАМЕ ИДНИНАТА!

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
УНИБанка Твојата Банка
ProCredit Bank
NLB Banka

INTERVIEW

БЛАГИЦА БЕБА ПЕТРЕСКИ

Finance Think

ПОТРЕБНА Е СУШТИНСКА РАСПРАВА ОКОЛУ НОВИОТ КРЕДИТ ОД УНГАРИЈА!

КАЈ БУЏЕТОТ КЛУЧНО Е ПОВИСОКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ, И ШТО СО СРЕДСТВАТА АКО ТИЕ НЕ СЕ РАЛИЗИРААТ!?

MULTI ESSENCE

Витамин Ц

Селен

Витамин Д

Цинк

Витамин Б12

Multi Essence

ИМУНО

кесички за директна употреба,
со вкус на лимон

Останете **заштитени!**

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Здравјето пред се

04

STAND BY

Љупчо Зиков

Капитал

Доналд Трамп 2.0, и ние се разбира ...!?

10

ИНТЕРВЈУ

Благица Беба Петрески *Finance Think*

Потребна е суштинска расправа околу новиот кредит од Унгарија!

Кај Буџетот клучно е повисока реализација на капиталните инвестиции, и што со средствата ако тие не се реализираат!?

21

BUSINESS BRIEF

ГРИН МАШИНС на БРАКО

на клучен европски саем за зелена и циркуларна економија во Италија

06

АНАЛИЗА

ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ СО АМЕРИКАНСКАТА И СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА ПО НАЈАВИТЕ НА ТРАМП ЗА ВИСОКИ ЦАРИНИ КОН КАНАДА, МЕКСИКО, ЕВРОПА И КИНА

Добива или губи САД со цариниte на Трамп: Или тарифи, или САД ќе престанат да ја бранат Европа

22

ИНТЕРВЈУ

Трајан Ангелоски

Претседател на Сојуз на Стопански Комори - Повод 20 години од постоењето на ССК

Би можеле да бидеме економски тигар во регионот, но сами си ја уништуваме иднината!

40

МАРКЕТИНГ

Ана Брзаковиќ

експерт за маркетинг и комуникација

Треба да го редефинираме начинот на кој живееме и работиме! Заблуди и митови за работата што треба да ги отфрлиме

46

АМСНАМ

Зајакнување на финансиската слобода

на секоја жена

STAND BY

Љупчо Зиков *Капитал*.....04

Доналд Трамп 2.0, и ние се разбира ...!?

АНАЛИЗА

ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ СО АМЕРИКАНСКАТА И СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА ПО НАЈАВИТЕ НА ТРАМП ЗА ВИСОКИ ЦАРИНИ КОН КАНАТА, МЕКСИКО, ЕВРОПА И КИНА.....06

Добива или губи САД со цариниte на Трамп: Или тарифи, или САД ќе престанат да ја бранат Европа

ИНТЕРВЈУ

Благица Беба Петрески *Finance Think*.....10

Потребна е суштинска расправа околу новиот кредит од Унгарија! Кај Буџетот клучно е повисока реализација на капиталните инвестиции, и што со средствата ако тие не се реализираат!?

BUSINESS BRIEF.....20

- **Претставена колекцијата ДУМА на Сташа Божиновска** – накит што зборува кога зборовите ќе замолчат
- **ГРИН МАШИНС на БРАКО** на клучен европски саем за зелена и циркуларна економија во Италија

ИНТЕРВЈУ

Трајан Ангелоски

Претседател на Сојуз на Стопански Комори - Повод 20 години од постоењето на ССК.....22

Би можеле да бидеме економски тигар во регионот, но сами си ја уништуваме иднината!

МАРКЕТИНГ.....40

Ана Брзаковиќ *експерт за маркетинг и комуникација*

Треба да го редефинираме начинот на кој живееме и работиме! Заблуди и митови за работата што треба да ги отфрлиме

АМСНАМ

Зајакнување на финансиската слобода на секоја жена.....46

Импресум// Издава: Капитал Медиа Гроуп доо Скопје, бул. Партизански Одреди бр.17-1/16, п.фах 503, 1000 Скопје • Адреса на уредништвото на издавачот на медиум: бул. ВМРО бр.7, здрада 1, влез 1, кат 6, стан бр.31 • П. ФАХ 503, 1000 Скопје • Директор и одговорен уредник: Љупчо Зиков • Печати: Европа 92, ул. Крижевска бр.52, 2300 Кочани, Р. Македонија • Тираж: 3.000 примероци • Датум на печатење: 28.11.2024

Капитал Медиа Гроуп е членка на Асоцијацијата за заштита на печатени медиуми

Капитал Медиа Гроуп е членка на Советот за етика на медиумите во Македонија

STAND BY

ЉУПЧО ЗИКОВ

ДОНАЛД ТРАМП 2.0, И НИЕ СЕ РАЗБИРА...!?

Значи дека задачата на ВМРО ДПМНЕ е да анализира како Бајден така брзо падна? Во какви околности владееше Бајден, и кога тоа ќе го разберат веројатно ќе сватат како тие победија на мајските избори во Македонија, и зошто СДСМ падна на ист начин, и со таков дебакл како и Демократите во САД.

Задачата, пак, на СДСМ е да анализира што е тоа што го направи Трамп во меѓувреме и како „формула 1„ така брзо повторно влета како победник!? Што тука се случи!? Значи можело. Може секако, но заклучоците кај СДСМ најверојатно би оделе кон тоа дека Републиканците во меѓувреме сериозно се преиспитале во платформата и се свртеле кон себе давајќи му време, простор и шанса на Доналд Трамп да победи.

Има една анегдота од деведесеттите години врзана со еден голем директор и сопственик на еден македонски комбинат (како што го викаа) кој поседува телевизија со национална концесија ... Тој ден после изборите на ВМРО ДПМНЕ во 1998 година влегол во телевизијата, и пиејќи чаша виски на неколку уредници им довикнал – „ алоо пазете како вртите на десно испопадасмо од приколицу„!? Тој наш голем бизнис деец беше далеку пред времето со таа негова изјава, ако се има во предвид фактот дека и Џеф Безос (Амазон) еден од најбогатите луѓе на светот на само неколку дена пред изборите во САД, во својство на сопственик на Вашингтон Пост им порачал на вработените дека „треба да внимаваат како вртат на десно да не испопадат од приколицу„! Така е тоа во слободните и независните медиуми... Секаде низ светот. Едни се на избори, други пишуваат за тоа, а победниците си ја гледаат потоа работата...

И така... Доналд Трамп победи. Честитките (јас во две изјави за телевизии веќе го сторив тоа) се веќе испратени, а кај идниот американски претседател се веќе заведени во нотесот (можеби и мојата). Дел од светот е во шок, а добар дел од светот е во еуфорија.

Во Србија еуфоријата е дигната до ниво на национална егзалтација... што дури се отвори големa дебата дали претседателот Вучиќ се слушнал со Трамп меѓу првите седум, или петнаесет претседатели со кои идниот американски претседател оствари контакти во првите денови. За волја на вистината српскиот претседател, сепак, се слушна со Трамп во првите неколку дена.

Нашите македонски државници секако дека не се слушнаа, а прашање е и дали ќе се видат во следните четири години од неговиот мандат!? Кој знае, можеби и добро е да не се видат, кој тоа да ти знае, ако се има во предвид непријатниот сетап во овалната соба кога Вучиќ беше примен од Трамп во неговиот прв мандат, потпишувајќи го Вашингтонскиот договор за нормализација на односите меѓу Белград и Приштина ...! Не се удобни тие столчиња во Белата куќа особено кога и состаноците се мерат во минути, а не во часови! Или, како што во една прилика, еден висок американски дипломат во Вашингтон ни рече – американскиот претседател ќе го прими македонскиот претседател само тогаш кога вашиот ќе има што да му каже, и кога ќе може нешто да реши! Ако се разбираме што сакам да кажам ...

Доналд Трамп победи заслужено, и како победник адекватно беше истретиран од претседателот во заминување Џо Бајден. Така тоа се прави во САД. Отсекогаш.

Она што мене ми остави поголем впечаток во овие први денови од победата е именувањето на Елон Маск, од страна на Трамп, за реформатор на државната управа на САД (јавната администрација). Нешто како Горан Минчев кај нас ... Ова мора да изгледа многу интересно. Мислам дека сега Минчев има добра шанса на ресорско ниво за нови искуства и можност за комуникација со Маск. Добри денови за нашата бирократија! Интересно ќе биде да се види што е тоа што Маск како најбогат човек на светот видел што не чини во американската јавна администрација, а што Минчев и многу пред него не можеја да видат што не чини тука!?!

Но, да се вратиме ние на тоа што можеме да научиме од победата на Трамп на американските претседателски, конгресменски и сенаторски избори! Ако се има во предвид во каква позиција беше администрацијата на Трамп во 2020 година при транзицијата со Џо Бајден, тогаш заклучокот е дека за многу брзо време тимот на Трамп се консолидирал (за три ипол години). За толку време со милион кривични пријави Трамп триумфално се врати во Белата куќа.

ljupco.zikov@kapital.mk

Тоа значи дека задачата на ВМРО ДПМНЕ е да анализира како Бајден така брзо падна? Во какви околности владееше Бајден, и кога тоа ќе го разберат веројатно ќе сватат како тие победија на мајските избори во Македонија, и зошто СДСМ падна на ист начин, и со таков дебакл како и Демократите во САД.

Задачата, пак, на СДСМ е да анализира што е тоа што го направи Трамп во меѓувреме и како „формула 1„ така брзо повторно влета како победник!? Што тука се случи!?

Значи можело.

Може секако, но заклучоците кај СДСМ најверојатно би оделе кон тоа дека Републиканците во меѓувреме сериозно се преиспитале во платформата и се свртеле кон себе давајќи му време, простор и шанса на губитникот Доналд Трамп од 2020 година да победи. Откако му ја дадоа шансата, направија силен тим, во голем дел со нови луѓе со знаење и посветеност, и со прашања кои треба да го решат животот на обичните Американци, како и на оние кои прв пат гласаат на избори... таа најмлада генерација која не гледа телевизија, а се фасцинира на Тесла, на биткоини, блокчеин и на Маск... Трамп им го понуди тоа што сакаат да го слушаат ним.

На нафташите им понуди добри можности за иднината на нафтата и гасот, на банкарите им понуди банкарство, на инвеститорите повеќе приходи... На средната класа им понуди повеќе работа и приходи во неговиот мандат, а на сиромашните им понуди депортација на нелегалните мигранти кои, според него, сега им ги земаат работните места. И сето тоа со протекционистички мерки. Заштита на американската економија со царини кон Европа и Кина од 10% и 60% соодветно, како и зголемување на разните такси... Така Трамп планира да ја направи Америка повторно голема. Користејќи изолационистички мерки, кратење на трошоците на меѓународен план, каде веројатно ќе се обиде да ја тргне Америка од повеќе важни меѓународни иницијативи. Со тоа да создаде повеќе можности за инвестиции на американските граѓани и компании дома во САД. Да видиме како тоа ќе изгледа. Фукојама ова го нарече крај на ерата на либерализмот (за ова наскоро во нов текст).

Просто нели!!! Мене не ми изгледа толку просто.

Унгарските кредити веќе прават проблем во Македонија! И од многу пари глава болело!

Најнапред, знаат ли надлежните дека има македонски топ компании кои се добро рангирани и кои од нашите банки земаат кредит со каматна стапка под 3%. Да сега. Тоа значи дека има многу поповолни кредитни линии за компаниите од оваа. Сте слушнале ли за „персонализирани понуди„. Па македонските банки се полни со пари!

Од друга страна, пред два до три месеци предупредував дека унгарскиот кредит кој во Македонија влегува со 3,25% камата до крајните корисници не може да стигне со 3,25% преку македонските комерцијални банки. Јасно го напишав тогаш во колумна... Еве дојде денот.

Она што мене ми остави поголем впечаток во овие први денови од победата е именувањето на Елон Маск, од страна на Трамп, за реформатор на државната управа на САД (јавната администрација). Нешто како Горан Минчев кај нас... Ова мора да изгледа многу интересно. Мислам дека сега Минчев има добра шанса на ресорско ниво за нови искуства и можност за комуникација со Маск. Добри денови за нашата бирократија! Интересно ќе биде да се види што е тоа што Маск како најбогат човек на светот видел што не чини во американската јавна администрација, а што Минчев и многу пред него не можеја да видат што не чини тука!?!

Банките не сакаат да слушнат да не наплатуваат провизија за администрирањето, што секако би го поскапела кредитот. Проблем е и рокот на овие кредити што Владата сака да биде 15 години со три години грејс (какви желби). Банките не ги прифаќаат овие рокови оти се плашат дека во тој период нормално е многу од овие компании да влезат во проблем на ликвидност, може да се појават нови економски кризи и парите да бидат едноставно „изедени„! А бизнисмените да фатат „тутањ„. Се сеќавате ли како завршија тајванските кредити во 1999 та и 2000 та година! Се вратија ли тие пари назад?

Сега некој наш „смислов„ размислува трошокот на каматите да го превали на Буџетот и тоа да го плаќаат сите македонски граѓани. Сомнително!?! Зошто граѓаните да плаќаат за каматите на кредитите што Владата ќе им ги одобри на компаниите?

Оттука, добро е што СДСМ реагираа поради одлуката на Владата граѓаните да ги плаќаат каматите за кредитите кои ќе се пласираат на компаниите. Венко Филипче остро се спротистави на оваа идеја. Економски сосема логично со што би се согласил секој нормален дури и сопственик на компанија која ќе земе кредит!? Овие размислувањата на Владата не се пазарни.

Има неколку клучни прашања околу овие кредити од Унгарија...

Се занимавал ли во меѓувреме некој со прашањето кај кои компании треба да одат овие кредити? Домашни? Странски? Кои и какви се проектите на компаниите што треба да се финансираат? Направена ли е секторска анализа за тоа кој е стратешкиот интерес на државата за тоа кои сектори треба да имаат предност? Се води ли економска политика во овој дел? Како ќе се оценуваат компаниите или тоа ќе го прават самите кредитни одбори на комерцијалните банки? Како ќе се оценуваат проектите? Замислете, на пример, дека најдобри компании во Македонија од домашна провиниенција се и кладилниците и коцкарниците!? И тие ли се на платформата за кредитирање... Има ли критериуми за добивање на кредитите? Кој тоа ќе гледа и анализира? Ќе се кредитираат ли стартапи? Нови поголеми компании?

Каде е се ова напишано?

Треба да се знае дека за да се направат проекти, за да се реализираат и за да се стигне до наплата треба сериозен број на месеци, а ние имаме најмалку шест месеци период во којшто граѓаните ќе плаќаат камати без никаква потреба.

Во меѓувреме каматите во светот паѓаат. Светот е полн со пари... Почнува период на поевтинување на кредитите. Дали за неколку месеци ќе зборуваме дека сме можеле да земеме кредит и со 2% од меѓународните финансиски пазари. Па Орбан сигурно не е понаивен од Мицковски!

Или на крајот ќе завршиме како во една анегдота раскажана од Емир Кустурица. Некој Германец тргнал да го преплива Дунав од изворот до влезот во Црно Море. Кога од Унгарија влегол во Србија почнало да му мирисе реката, да му се јавуваат разни соединенија во водата со тешка миризба, па потоа околу себе гледал и мртви риби, и кога дошол до Белград прашал - „шта ми нисте рекли какав је Дунав овде у Београд“... Овие му рекле: Не брини па ти можеш пливати лежечи“! ■■■

АНАЛИЗА: ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ СО АМЕРИКАНСКАТА И СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА ПО НАЈАВИТЕ НА ТРАМП ЗА ВИСОКИ ЦАРИНИ КОН КАНАДА, МЕКСИКО, ЕВРОПА И КИНА

ДОБИВА ИЛИ ГУБИ САД СО ЦАРИНИТЕ НА ТРАМП: ИЛИ ТАРИФИ, ИЛИ САД ЌЕ ПРЕСТАНАТ ДА ЈА БРАНАТ ЕВРОПА

Оваа анализа потсетува дека САД го поседува доларот. Не е само суверенитетот на САД во долари, туку и суверенитетот на практично сите земји, бидејќи тие имаат резерви во долари. Кога САД воведуваат царини за увоз од одредена земја, вредноста на валутата на таа земја паѓа. Што го намалува инфлаторниот ефект на американските тарифи (цените не се зголемуваат толку многу како што инаку би се зголемиле). Поскапиот долар и пониската цена на сопствената валута, сепак, предизвикуваат проблеми во земјата од која се увезува. Ова може да објасни зошто американската инфлација генерално не скокна кога Трамп воведе царини во 2018 година. Тоа не значи дека поединечните производи не поскапеа поради цариниte во САД, како што ќе видиме подоцна во статијата. Сепак, целокупната инфлација не течеше и покрај цариниte.

Политиките на следната американска администрација сигурно ќе ги фаворизираат плутократите. Високите царини за увоз од Кина нема да ги вратат работните места. А високите царини сигурно нема да ја намалат инфлацијата“, напиша овогодинешниот нобеловец за економија, Дарон Ацемоглу, во колумна по победата на Трамп.

„Високите царини за увоз од Кина се вистински лоша идеја. За луѓето со ниски примања, учеството на увозот во потрошувачката е големо, за богатите е мало. Значи, ако го поскапиш увозот, има зголемен товар на сите луѓе. Но, товарот на обичаите најмногу паѓа на раменицте на ранливите. Тарифите се ужасна, глупава и бесмислена тактика за преговори“, рече вториот овогодишен нобеловец за економија, Сајмон Џонсон.

Што најави Доналд Трамп?

Доналд Трамп најавува воведување царини од 60% за увоз од Кина, 25% од Мексико и 10-20% за увоз од други земји. Покрај тоа, тој предвидува протерување на илегални имигранти и странски работници.

Повеќето економисти предупредуваат дека цариниte се колосална грешка. Некои, од друга страна, тврдат дека тарифите се единствениот начин. Но, сите се согласуваат дека исходот за САД зависи од тоа дали земјите ќе се одмаздат или ќе се обидат да го задржат мирот.

САД навистина имаат најниски царини во светот , поточно три проценти во просек, Европската унија пет и Кина десет проценти. Да речеме и дека ЕУ има 10% царина за увоз на автомобили од САД, а САД има 2,5% царина за увоз на европски автомобили. Ова не е „фер“.

Трамп тврди дека високите царини ќе ги вратат работните места во американската индустрија. Но, Америка и онака има целосна вработеност. И да го ставиме вака, ако трговскиот дефицит на Америка се намали поради цариниte, тој ќе се намали на сметка на намалување на економската активност.

Сепак, Трамп правилно забележува дека трговските режими не функционираат. Тој ги гледа тарифите како економска, но и безбедносна категорија, и како главна алатка за конечно воспоставување правичност. Проблемот е што тој не им кажа на Американците дека можеби сами ќе ја платат цената на тарифите.

Тарифите, како и секој друг данок, земаат пари од народот и ги даваат на владата.

Меѓутоа...

„Студиите постојано покажуваат дека трошоците за заштита на трговијата далеку ја надминуваат секоја разумна граница и цената на нормална програма за вработување. А што е уште полошо, само мал дел од парите собрани преку царина завршуваат

во платите на обичните фабрички работници. Но, овој пат тоа е пресвртница. „Трамп не сака да не врати во 1995 година, кога СТО (Светската трговска организација) почна да работи. Трамп сака нов фундаментален ребаланс на светската трговија, така што Трамп едноставно - сака револуција.

Трамп тесно ќе ги поврзе цариниte, трговската политика и доларот со безбедносната политика. Америка ќе ги користи и доларот и цариниte за да ја спречи кинеската технолошка, економска и политичка хегемонија. Америка ќе ги користи и доларот и цариниte за да ја зголеми својата национална безбедност.

„Ако немате челик, немате земја“, рече Трамп . Америка ќе ги користи и доларот и цариниte за да ја натера ЕУ да плати повеќе за одржување на НАТО и воената безбедност. Затоа, ЕУ може да има повеќе проблеми со американските царини отколку што самите САД ќе имаат со својата инфлација.

Бидејќи не сакаме само да повторуваме како тарифите се грешка не само за светот и за САД, ние исто така ви кажуваме зошто тарифите можеби не се лоша работа за САД. Што не значи дека тие нема да бидат срам и предизвик за Европа.

ПРАШАЊА КОИ СЕ ОТВОРААТ

... 7 лекции од тарифите и протекционизмот: како Трамп ги преместува цариниte од економската сфера кон глобалната безбедност? Кои ќе бидат новите непријатели? Што можеме да очекуваме во валути и средства ...?

Прво. Дали Европа ќе ги проголта цариниte на Трамп и ќе ги следи американските царини кон Кина?

Една од различните, повозбудливи анализи за тарифите, доларот, националната и глобалната безбедност е напишана од економистот Стивен Миран, главен стратег во инвестициското Менаџер Хадсон Беј Капитал.

Миран е економистот кој заедно со Нуриел Рубини летово ја разбесни американската министерка за финансии Џенет Јелен . Тие напишаа дека американската влада под водство на претседателот Бајден се занимава со политички активизам и дека манипулира со издавањето на долгови за да заработи уште поевтино во изборната година. Јелна полуде. Трамп победи на изборите.

Контроверзна е и анализата на Мирано за цариниte, може да се каже про-Трамп. Сепак, нуди разбирлив поглед за тоа како глобалната надворешна трговија би можела да се трансформира, што ќе се случи со доларот и другите валути, каква ќе биде штетата од цариниte во САД и што ќе се случи на други места во светот.

Пред се, Миран потсетува дека САД го поседува доларот. Не е само суверенитетот на САД во долари, туку и суверенитетот на практично сите земји, бидејќи тие имаат резерви во долари.

Кога САД воведуваат царини за увоз од одредена земја, вредноста на валутата на таа земја паѓа. Што го намалува инфлаторниот ефект на американските тарифи (цените не се зголемуваат толку многу како што инаку би се зголемиле). Поскапиот долар и пониската цена на сопствената валута, сепак, предизвикуваат проблеми во земјата од која се увезува.

Ова може да објасни зошто американската инфлација генерално не скокна кога Трамп воведе царини во 2018 година. Тоа не значи дека поединечните производи не поскапеа поради цариниte во САД, како што ќе видиме подоцна во статијата. Сепак, целокупната инфлација не течеше и покрај цариниte.

Така, тарифите стануваат најважната алатка за преговори со која Трамп ќе ја ребалансира глобалната трговија. Во исто време, тој ги дефинираше пријателите и непријателите наново и јасно. Земјите кои сакаат да бидат под одбранбениот чадор на САД, исто така, ќе мора да бидат под она што Трамп го замислува како фер трговија. И пред се ќе треба да платат повеќе за обезбедување. Картите што Трамп ги става на маса пред ЕУ затоа се јасни.

Најнапред, трпете ги цариниte до 20% што ги воведувам на сите увезени стоки.

Потоа, не наметнувајте контра царини за увоз на американски стоки.

На крај, драга моја Европа, постави 60% царини на кинескиот увоз и затоа следи ја американската царинска политика кон Кина. Ако не...

Второ. Европа не може да си дозволи трговска војна на два фронта. Дури и Марио Драги е сосема јасен што прави Трамп. „Со царинскиот ѕид работите се јасни. Ако сте пријател, придружете се на нашите обичаи. Ако не си пријател, не им е грижа. Ќе те судиме според тоа дали си пријател'.

...продолжува на страна 34

Božinovski
WATCHES & JEWELRY

Скопје · Плоштад Македонија, CityMall, East Gate Mall | Битола · Широк Сокак | www.bozinovski.com.mk

INTERVIEW

БЛАГИЦА БЕБА ПЕТРЕСКИ

Finance Think во интервју за Капитал:

ПОТРЕБНА Е СУШТИНСКА РАСПРАВА ОКОЛУ НОВИОТ КРЕДИТ ОД УНГАРИЈА!

КАЈ БУЏЕТОТ КЛУЧНО Е ПОВИСОКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ, И ШТО СО СРЕДСТВАТА АКО ТИЕ НЕ СЕ РАЛИЗИРААТ!?

Буџетот за 2025 година носи со себе и добри и лоши аспекти. Позитивен аспект е на пример проекцијата за раст на БДП од 3.7%. Владата планира да го поддржи овој раст преку значајни инвестиции во клучни инфраструктурни проекти, стимулација на локалниот инвестициски циклус, како и кредитната поддршка на приватната инвестициска активност.

Од друга страна, буџетот предвидува умерена фискална консолидација, видлива преку понискиот раст на расходите од приходите, 10.3%, што е добра намера за зајакнување на фискалната дисциплина.

Меѓутоа, постојат и значајни предизвици.

Прв негативен аспект претставува амбициозната проекција за зголемување на буџетските приходи за 12.8%, која освен преку борбата со сивата економија, нема друга позначајна подлога за оправданост.

Освен тоа, зголемувањата на расходите за плати и пензии, иако рефлектираат потреби за подобрување на животниот стандард, создаваат ризици за инфлациони притисоци и можат да ја ослабат фискалната консолидација.

Капиталните расходи исто така предизвикуваат загриженост. Историски, ова е еден од главните проблеми на ниската стапка на реализација на планираните капитални расходи. На пример, до средината на ноември 2024 година, капиталните расходи се реализирани само до 42.8%, што укажува на сериозни институционални и оперативни пречки во спроведувањето на овие проекти. Иако планираното зголемување на капиталните расходи е позитивна намера, клучно ќе биде да се адресираат овие предизвици за да се осигура дека средствата ќе бидат користени ефективно.

Но, една од клучните препораки е дека доколку овие средства не се реализираат, истите да не се пренаменуваат за тековни трошоци со ребалансот, туку да придонесат кон понизок реализиран буџетски дефицит.

Кредитот од Унгарија е веќе предмет на дебата три месеци. Меѓутоа, она на што оваа дебата се сведе се техничките аспекти, прво каматната стапка, второ како ќе биде дистрибуиран. Во моментот веќе овие дилеми се разрешени, но останаа нејасни и неиздискутирани прашањата кои се клучни, а се поврзани со импактот кој треба да го има овој кредит. Целта на овој кредит е да се поттикне растот преку инвестициската компонента на БДП. За тоа да се постигне, овие средства треба да предизвикаат нов инвестициски циклус, односно тие да наидат на нова побарувачка од страна на фирмите. Во спротивно, доколку средствата се пласираат за инвестиции кои и без овие средства би се реализирале или во рефинансирање на постојни инвестиции кои веќе биле финансирани од други извори, импактот ќе биде ограничен или ќе биде минимален.

КАПИТАЛ

▶ Какви се Вашите оценки за крајот на годината за македонската економија? Беше тешка со еден добар дел од неја во застој поради тоа што долго бевме во изборен процес?

Проекциите за 2024 година се дека ќе завршиме со 2% до 2.5% раст, што сам по себе не е висок раст, но сепак остварен во специфични пост-кризни услови. Растот произлегува од неколку значајни економски компоненти.

Најголем придонес има позитивниот ефект на нето-извозот, кој произлегува од забавениот пад на извозот и интензивиран пад на увозот.

Јавната потрошувачка, која бележи раст од 3.5%, исто така значително го поддржа економскиот раст, што е резултат на поголемата фискална активност во услови на продлабочен буџетски дефицит.

Приватната потрошувачка расте со забавена динамика од 1.3%, поддржана од растот на платите.

Сепак, бруто-инвестициите забележаа благ пад од 1.7%, ограничувајќи го позитивниот ефект од другите компоненти.

Од аспект на секторите, услугите остануваат главен двигател додека градежништвото и преработувачката индустрија покажуваат знаци на закрепнување.

Севкупно, растот за 2024 година е умерен, и тоа е главно година на стабилизација по сериозната енергетска криза и пандемијата. Но, исто така, е далеку под потенцијалот за раст и е одраз на недоволните структурни реформи кои се неопходни за истиот да го поттикнат.

▶ Се чини новата Влада на самиот старт побрза својот мандат да го започне со кредит од Унгарија, а некако имаме впечаток дека анализите не беа направени - дали таков и толку кредит и е потребен на Македонија? Што мислите што би можело да се случува на теренот сега? Кој е Вашиот став за условите под кои е земен кредитот од Унгарија?

Кредитот од Унгарија е веќе предмет на дебата три месеци. Меѓутоа, она на што оваа дебата се сведе се техничките аспекти, прво каматната стапка, второ како ќе биде дистрибуиран. Во моментот веќе овие дилеми се разрешени, но останаа нејасни и неиздискутирани прашањата кои се клучни, а се поврзани со импактот кој треба да го има овој кредит.

Целта на овој кредит е да се поттикне растот преку инвестициската компонента на БДП. За тоа да се постигне, овие средства треба да предизвикаат нов инвестициски циклус, односно тие да наидат на нова побарувачка од страна на фирмите. Во спротивно, доколку средствата се пласираат за инвестиции кои и без овие средства би се реализирале или во рефинансирање на постојни инвестиции кои веќе биле финансирани од други извори, импактот ќе биде ограничен или ќе биде минимален.

Мојата задршка е најголема токму во сегментот на побарувачката, меѓутоа оставам времето да ме побие и да добиеме нов инкрементален кредитен раст.

Понатаму, клучно е да се дискутира и осигура средствата да се насочат кон сектори со висок мултипликативен ефект. Сектори кои имаат потенцијал да создадат нови работни места, да го зголемат извозот и да го подобрат технолошкиот развој. Да се поддржат проекти кои без овој кредит не би можеле да се реализираат, но кои имаат доволен потенцијал за зголемување на продуктивноста и економската активност. Средствата треба да бидат наменети за проекти кои ќе овозможат долгорочна додадена вредност, како што се инвестиции во технологија, роботизација, дигитализатија и модернизација на производствените капацитети.

Крајниот успех на оваа кредитна линија ќе зависи од тоа дали таа ќе биде катализатор за вистински инвестициски бум, кој ќе генерира нова економска активност и ќе ја зголеми конкурентноста и продуктивноста. Дебатата за техничките аспекти е важна, но уште поважна е поширокота дискусија за стратешките и економските импликации на оваа мерка.

▶ Има ли капацитет македонското стопанство (компаниите) да приберат и процесираат 300 милиони евра од кредити низ процедури во банките?

Информација или анализа за побарувачката и потенцијалот за апсорпција нема. Ако ги погледнеме вкупните кредити кон нефинансиските институции, тие имаа солиден раст во последниве години. Но, износот на нови кредити, во нето износ, во последните 2-3 години во просек е околу 200-230 милиони евра годишно.

Тоа говори дека вие не можете одеднаш да се надевате на нова побарувачка, односно дека новосоздадените кредити ќе се дуплираат. Ова особено што во оваа моја едноставна анализа ги земам сите кредити кон фирмите, не само оние за инвестициска намена.

Но, каматната стапка од 1.95% е атрактивна и е далеку под

просечната активна каматна стапка од 4.9%, која и самата како просек е веројатно недостижна за значаен дел од компаниите. Сепак, ризикот кој банкарскиот сектор го презема, дополнително го поставува прашањето дали поризичните инвестиции и компании ќе имаат пристап до овие средства или тие ќе останат резервирани за веќе етаблирани и стабилни бизниси кои ионака имале пристап до различни и поволни извори на финансирање.

▶ Зошто каматата ќе биде субвенција односно покриена од Буџетот? Има ли такви други пракси?

Поддршката на бизнис секторот од Буџетот не е непозната и не е новина во македонската економија. Да се потсетиме дека, преку Планот за економски раст, во форма на државна субвенција беа поддржувани инвестициски проекти на компаниите. Исто така и Фондот за иновации нуди поддршка за иновативни проекти.

Понатаму, во текот на Ковид пандемијата, и подоцна енергетската криза, компаниите од државен Буџет користеа низа мерки, главно во форма на субвенција.

Преку Развојната банка се пласираат кредитни линии со поволни каматни стапки, оригинално тоа се кредитни линии од меѓународните финансиски институции, но кај дел од нив има субвенционирање на каматата, како што е случајот со унгарскиот кредит. Значи, слично, овој пат, од Буџетот се финансира само каматата која државата треба да ја врати на Унгарија. И не гледам тука проблем. Покритично прашање е како со оваа поддршка, економијата да генерира раст, а со тоа и дополнителен прилив во Буџетот кој ќе биде над износот кој треба да се врати за трошокот на овие кредити.

▶ Можно ли е да дојде до непринципиелна дистрибуција на кредитит кај одедени компании?

Ако целта е да се поттикне инвестициски циклус, процесот на доделување на кредитите треба да биде максимално транспарентен и воден од јасни критериуми кои ќе обезбедат максимизирање на целта. Во спротивно, ќе останеме само на уште една промовирана инвестициска програма, потрошени средства без никаков ефект. Земајќи предвид дека фискалниот простор во Буџетот веќе ни е потрошен, не сметам дека имаме простор за било каков луксуз да трошиме средства кои нема да дадат ефект.

Оттука, не сакам да размислувам дека доделувањето на овие средства ќе бидат на непринципиелни основи. Впрочем, самиот факт што средствата се пласираат преку банките и што процесот на кредитна

Ако целта е да се поттикне инвестициски циклус, процесот на доделување на кредитите треба да биде максимално транспарентен и воден од јасни критериуми кои ќе обезбедат максимизирање на целта. Во спротивно, ќе останеме само на уште една промовирана инвестициска програма, потрошени средства без никаков ефект. Земајќи предвид дека фискалниот простор во Буџетот веќе ни е потрошен, не сметам дека имаме простор за било каков луксуз да трошиме средства кои нема да дадат ефект.

На долг рок, клучен предизвик е обезбедувањето одржлив економски раст преку диверзификација на економијата, зелена трансформација и инклузивен развој. Ова подразбира користење на потенцијалите за обновливи извори на енергија, дигитализација на јавните услуги и економијата, како и градење институционален капацитет за подобро искористување на достапните ЕУ фондови.

Дополнително, демографските предизвици како стареењето на населението и емиграцијата бараат долгорочна стратегија за задржување на младите во земјата и евентуално повратна миграција особено на квалификувана работна сила.

За сите овие цели, клучно е постигнување политички консензус и континуитет во економските политики, како и проактивна соработка со приватниот сектор и граѓанското општество. Економијата може да напредува само ако има стабилна, предвидлива и инклузивна визија за развој.

Станбен кредит

- Пониски каматни стапки
- Без надомест за одобрување и процена на имот до 31.12.2024

Комерцијална банка

анализа и преземање на ризикот е кај самите банки, очекувам дека го елиминира просторот за било какво непринципиелно давање на кредитите. Дали на индивидуално билатерално ниво постои простор за непринципиелности, не знам.

Има ли во Македонија направено секторска анализа за да се види на кои сектори им е потребна силна кредитна интервенција, или ова кредитирање оди на слепо?

Кога зборуваме за секторска анализа, на почеток треба јасно да дефинираме, од кој аспект секторско таргетирање на кредитирањето. Дали се тоа сектори кои имаат највисока додадена вредност, кои имаат најголемо учество во БДП и имаат потенцијал да го поттикнат побрзо, но и веројатно само краткорочно, оние кои немаат можеби висока додадена вредност и учевство во вкупната економија, но имаат потенцијал, или сектори кои имаат поплодна средина за иновации и побрз технолошки напредок.
Во контекст на кредитната интервенција, секторската анализа е клучна за идентификување на секторите кои би имале најголема корист од финансиска поддршка. Во Северна Македонија, идентификување сектори од различни аспекти било правено за различни намени од различни институции, гледајќи ги економските перформанси, потребите на секторите, и трендовите на пазарот. Сепак, секторска анализа само за оваа намена (Унгарскиот кредит), не сум видела, барем не јавно достапна анализа. Меѓутоа, фактот дека е определена една каматна стапка за било каков кредит со инвестициска намена укажува дека средствата се без било какво секторско таргетирање.

Што е Вашата анализа за текот на расправата за Буџетот за 2025?

Finance Think направи анализата на предлог Буџетот за 2025 година. Предлог Буџетот предвидува раст на БДП од 3.7% за 2025, кој е поразумна проекција, во споредба со претходни години, но сепак постојат нагласени ризици за неговата реализација. Клучните ризици од надворешното глобално економско окружување се поврзани со економската активност на нашите клучни трговски партнери и потенцијалните промени во глобалната трговска политика, додека на домашен план потенцијалот за реализација на инфраструктурните и инвестициски планови.
Иако растот е разумно проектиран, оптимистичко планирање е забележано на страната на буџетските приходи за 12.8%. Таквата проекција на приходите се чини амбициозна, особено ако се земе предвид дека, единствен разумен одговор за прибирање дополнителни приходи е борбата со сивата економија, за која намерата е коректна, но не може да се очекува дека во првата година би се реализирал толкав резултат.
Во однос на расходите, проектираниот раст на буџетските расходи за 10.3% го одразува напорот кон фискална консолидација, на пример со скромен раст на трошоците за стоки и услуги и субвенции.
Сепак, зголемените расходи за плати и пензии укажуваат на експанзивни фискални тенденции кои би можеле да го ослабат овој напор.
Капиталните инвестиции се зголемени за 13%, но со оглед на претходната реализација, постои ризик дека овие планови може да не се остварат во целост, што укажува на потреба за понатамошни прилагодувања и ребаланси во текот на годината, впрочем тенденција која не е непозната.

Кои се добри, а кои се лоши страни на Буџетот за 2025?

Буџетот за 2025 година носи со себе и добри и лоши аспекти. Позитивен аспект е на пример проекцијата за раст на БДП од 3.7%. Владата планира да го поддржи овој раст преку значајни инвестиции во клучни инфраструктурни проекти, стимулација на локалниот инвестициски циклус, како и кредитната поддршка на приватната инвестициска активност.
Од друга страна, буџетот предвидува умерена фискална консолидација, видлива преку пониските раст на расходите од приходите, 10.3%, што е добра намера за зајакнување на фискалната дисциплина.
Меѓутоа, постојат и значајни предизвици.
Прв негативен аспект претставува амбициозната проекција за зголемување на буџетските приходи за 12.8%, која освен преку борбата со сивата економија, нема друга позначајна подлога за оправданост. Освен тоа, зголемувањата на расходите за плати и пензии, иако рефлектираат потреби за подобрување на животниот стандард, создаваат ризици за инфлациони притисоци и можат да ја ослабат фискалната консолидација. Капиталните расходи исто така предизвикуваат загриженост. Историски, ова е еден од главните проблеми на ниската стапка на реализација на планираните капитални расходи. На пример, до средината на ноември 2024 година, капиталните расходи се реализирани само до 42.8%, што укажува на сериозни институционални и оперативни пречки во спроведувањето на овие проекти. Иако планираното зголемување на капиталните расходи е позитивна намера, клучно ќе биде да се адресираат овие предизвици за да се осигура дека средствата ќе бидат користени ефективно.
Но, една од клучните препораки е дека доколку овие средства не се реализираат, истите да не се пренаменуваат за тековни трошоци со ребаланс, туку да придонесат кон понизок реализиран буџетски дефицит.
Исто така, иако е добра умерената фискална консолидација изразена преку проектиран буџетски дефицит на 4% од БДП, тој го прекршува фискалното правило од максимум 3%, кое со Законот за Буџети од 2022 требаше да почне да се применува токму од 2025. Значи, во првата година од примената ние праќаме лош сигнал.
Вкупно, Буџетот за 2025 година се обидува да ги балансира потребите за економски раст и фискална одржливост со реалните економски можности и ризици, но пред сè ќе биде потребна внимателна имплементација и можеби адаптација на плановите со текот на времето за да се остварат поставените цели без да се компромитира фискалната стабилност.

Можна ли е економска криза во Европа, и следствено овде во регионот и Македонија, ако се знае дека Германија е во криза, а и светот е се подлабоко потонат во воени конфликти?

Европа моментално се соочува со комплексен економски пејзаж кој, иако е предизвикувачки, не укажува нужно на непосредна длабока економска криза. Германија, како најголема економија во Европа, навистина е под сериозен притисок. Нејзината зависност од енергетски интензивни индустрии и надворешната побарувачка ја прави ранлива во услови на релативно скапа енергија и глобални трговски тензии. Оваа состојба го намали нејзиниот потенцијален раст под 1% и има значително влијание врз целата Еврозона.
Иако податоците покажуваат дека Еврозоната можеби веќе е во блага рецесија, со пад на БДП од 0,1% во третиот квартал, ова е далеку од длабока криза како онаа од 2008 година. Растот е главно стагнантен, а економските предизвици како високите трошоци за задолжување и порестриктивните фискални политики несомнено ќе го ограничат

ВИТАМИНКА

www.vitaminka.company

Нека почне празничната радост!

економскиот напредок. Сепак, овие фактори не се доволни за да предизвикаат драматичен економски колапс.
Поголемиот проблем на Европа лежи во долгогодишните структурни слабости. Потенцијалниот раст на Еврозоната се очекува да се намали на околу 1,2% до 2027 година, поради фактори како намалувањето на работоспособната популација, слабите придобивки кај продуктивноста и зголемената бирократија. Овие проблеми укажуваат на стагнација, а не на акутна криза.
Дополнително, пазарот на труд во Европа сè уште останува затегнат, бидејќи фирмите не сакаат да отпуштаат работници поради страв од иден недостиг од квалификувана работна сила. Ова го поддржува растот на платите и приходите на домаќинствата, но истовремено создава товар врз продуктивноста и конкурентноста.
Глобалните геополитички конфликти несомнено додаваат на економската неизвесност, но нивното влијание врз европската економија зависи од тоа како тие ќе се одразат врз цените на енергијата, глобалната трговија и инвестициите. Засега, и покрај притисоците што ги создаваат овие конфликти, не се гледаат знаци на сеопфатен економски колапс на континентот.
За нашата економија, поврзаноста со Европа значи дека секоја продолжена стагнација во големите економии, особено Германија, ќе има негативни ефекти врз извозот, инвестициите и дознаките.
Сепак, како што Европа се соочува со успорување наместо колапс, и ние веројатно ќе се соочиме со намалени можности за раст наместо со длабока економска криза.
Потребно е да се фокусираме на диверзификација на економијата, зајакнување на домашната побарувачка и подобра подготвеност за справување со побавен надворешен раст. Иако е неопходна внимателност, нема потреба од алармантни реакции.

▶ Што е најважно за македонската економија на краток, среден и долг рок? Што треба да се прави овде?

На краток рок, најважно за македонската економија е одржување на макроекономската стабилност, како јавно добро. Во услови на глобални неизвесности, треба да се зачува стабилноста на цените која во претходните 2-3 години не' потсети дека може да има многу неповолни последици врз животниот стандард, потоа да се одржи стабилноста на јавните финансии преку постепена и

паметна фискална консолидација и промовирање фискална дисциплина од двете страни - и кај државата и кај даночните обврзници. Да се поддржи ликвидноста во економијата, особено кај малите и средни претпријатија. Истовремено, потребно е насочување (таргетирање) ресурси за ублажување на социјалните последици од економските предизвици, како што се повисоките цени на енергијата и храната, кај сегментите од населението кои се ранливи и кои имаат реална потреба од таква поддршка, наместо линеарна поддршка со примеси на политичка економија.
На среден рок, приоритет треба да биде структурната трансформација на економијата. Ова вклучува поттикнување инвестиции во сектори со повисока додадена вредност, подобрување на деловното окружување преку намалување на бирократијата и зголемување на правната сигурност и владеењето на правото, како и вложување во подобра инфраструктура. Истовремено, потребно е да се инвестира во образованието и вештините на работната сила, за да се зголеми продуктивноста и конкурентноста на македонската економија.
На долг рок, клучен предизвик е обезбедувањето одржлив економски раст преку диверзификација на економијата, зелена трансформација и инклузивен развој. Ова подразбира користење на потенцијалите за обновливи извори на енергија, дигитализација на јавните услуги и економијата, како и градење институционален капацитет за подобро искористување на достапните ЕУ фондови.
Дополнително, демографските предизвици како стареењето на населението и емиграцијата бараат долгорочна стратегија за задржување на младите во земјата и евентуално повратна миграција особено на квалификувана работна сила.
За сите овие цели, клучно е постигнување политички консензус и континуитет во економските политики, како и поактивна соработка со приватниот сектор и граѓанското општество. Економијата може да напредува само ако има стабилна, предвидлива и инклузивна визија за развој. ■■■


УЖИВАЈТЕ ВО
ПРИВИЛЕГИИТЕ
Бизнис Е-ПАКЕТИ
за правни лица
3 месеци бесплатно
Искористете ја можноста за:
Бесплатни ИНТЕРНИ, КИБС и МИПС налози
Бесплатни ДЕВИЗНИ ПЛАЌАЊА
Неограничени ДЕВИЗНИ ПРИЛИВИ
И многу други поволности
*Понудата важи за новоотворени пакети
УНИБанка
Твојата Банка
www.unibank.mk

Претставена колекцијата ДУМА на Сташа Божиновска – накит што зборува кога зборовите ќе замолчат

Во време кога дигиталниот свет ги потиснува традициите, а заборавот станува наша секојдневна реалност, македонскиот јазик добива нова форма на изразување преку уникатната колекција накит на Сташа Божиновска – ДУМА. Оваа колекција, создадена како дел од проектот „Азбучен споменар“, ги оживува архаизмите – подзаборавените македонски зборови – претворајќи ги во современа уметност.

„ДУМА е посвета на македонскиот збор – неговата сила, убавина и значење. Оваа колекција не е само накит, туку чувар на нашите зборови кои со тек на времето се изгубиле од секојдневието и под влијание на модерното време, но сепак остануваат дел од нашиот културен код,“ изјави авторката Сташа Божиновска.

Секое парче од колекцијата ДУМА е резултат на внимателно избирање зборови и нивно претворање во приказни и дизајни кои ја носат нивната суштина. Зборови како Абер, Бакнеж, Веда, Дар, Залез, Суница, Копнеж, Преобразба, Роса, Струна и Џагор се оживеани преку процес што комбинира традиционални техники и современи технологии, создавајќи уникатни парчиња од сребро со делумно позлатени акценти.

Круна на проектот беше изложбата во Утопија - Битола, каде беа презентирани сите изработени парчиња накит, и постери со приказните за зборовите и процесот на изработка. Настанот имаше интерактивен аспект – гостите имаа можност да предлагаат нови зборови, како што се старински и архаични изрази, од кои Божиновска ќе се инспирира и ќе креира нови дизајни....

Ова е почеток на „мојата азбука“, проектот ќе биде завршен кога ќе изработам накит за сите букви во азбуката - изјави авторката Сташа Божиновска

Колекцијата ДУМА на Сташа Божиновска не е само накит, туку е еден вид на мост меѓу минатото и иднината – современ чувар на подзаборавените зборови, кои и денес ни зборуваат за тоа кои сме.

Целата приказна за ДУМА можете да ја „прочитате“ на www.stasha.com.mk а со пополнување на формата на линкот може секој да даде свој придонес во развојот на оваа колекција:

https://stasha.com.mk/duma/

Проектот „Азбучен споменар“ е поддржан од Министерство за култура и туризам.

ГРИН МАШИНС на БРАКО на клучен европски саем за зелена и циркуларна економија во Италија

Електричните и водородните возила на Грин Машинс на БРАКО учествуваа на еден од најзначајните европски настани, ECOMONDO во Римини, Италија, кој претставува еден од најзначајните саеми и конференции во Европа, и кој ги обединува и системизира клучните елементи кои ги дефинираат развојните стратегии на политиката за животна средина на Европската унија.

На овогодинешниот настан, Грин Машис го претстави 500H2, најсовремен чистач на улици со погон на водород, заедно со целосно електричните 500ze и 400ze.

Дилерот на Грин Машинс во Италија, Грин Форсес, известува за голема заинтересираност за македонските возила не само на саемот, туку и на италијанскиот пазар воопшто, во конкуренција со производители на возила за чистење од Европа, САД и други делови на светот.

Македонските возила имаат предност на светскиот пазар поради нивниот квалитет, ефикасност и современ дизајн, како и различите модели, кои се достапни на електричен, хидрогенски и класичен погон.

INTERVIEW

ТРАЈАН АНГЕЛОСКИ

Претседател на Сојуз на Стопански Комори - Повод 20 години од постоењето на ССК

БИ МОЖЕЛЕ ДА БИДЕМЕ ЕКОНОМСКИ ТИГАР ВО РЕГИОНОТ, НО САМИ СИ ЈА УНИШТУВАМЕ ИДНИНАТА!

Денес Македонија има демонополизиран систем на стопански комори без обезбедување на ексклузивитет на никоја комора пред другите. Денес Сојузот на Стопански Комори претставува едно од најактивните бизнис регионални мрежи, преставена на сите нивоа и пред сите државни и регионални институции. Ова покажува дека нашата земја иако е мала може да биде адекватно преставена, и на овој начин државата може да биде една многу битна трговска точка на Балканот.

Во Сојузот членуваат и се назначени на најодговорни позиции врвни професионалци, кои секој во својата област е експерт и поседува врвно познавање од тематиката за која е задолжен, а со тоа може да го даде најдобриот општествен импакт кон унапредување на конкретната област на економија.

Човечкиот потенцијал со кој располага Сојузот на стопански комори е највредниот ресурс и тој ќе биде клучниот елемент кој ќе овозможи динамично придвижување на работите напред. Сигурен сум дека и во следните 20 години ќе добие повеќе на квалитет и Сојузот ќе ја покаже својата сила и моќ, ќе се справи со сите предизвици кој ќе се појават пред него.

РЕДАКЦИЈА КАПИТАЛ

Живееме во земја која нуди многу можности. Во исто време постојат и многу предизвици со кој се соочуваме секојдневно. Нашата земја се наоѓа на многу добра местоположба, крстопат на патиштата од исток кон запад, и од југ кон север. Како држава имаме лесен пристап до топлите морињa на соседните земји како Егејското море и Јонското море. Во однос на територијата на Македонија од 25.426 км^2, и со популација од 2 милиони жители преставуваме навистина ретко населена земја, гледајќи го светскиот просек особено Азија. Македонија како земја на сонцето има 280 сончеви денови годишно и располага со голема површина на обработливо земјиште, многу богата со води, ресурс кој ќе преставува еден од виталните ресурси во следниот период години и децении. Навидум постојат целосни предуслови да се биде навистина динамична економија, која може да биде многу флексибилна и да биде еден квалитетен мал, но многу флексибилен играч на европската економска мапа, порачува Трајан

Ние сме мала земја со ограничени ресурси, која, пак, очекува без да работи, и да не вложува во ништо, да биде примена во Европската Унија. А да ни дадат доволно средства за конфорен живот. Оваа слика не е реална и не е остварлива.

Здравството и образованието ни се во лоша состојба, екологијата исто, правната држава како поим не постои, политичарите даваат празни ветувања, кои по краток временски период ја губат довербата и заминуваат. Можеби остариле некои од нивните финансиски цели, но воопшто не се возбудуваат бидејќи мандатот го завршиле неуспешно.

Ваквата слика создава фрустрации кај обичните луѓе, кои немаат неограничено време на располагање да чекаат еден ден или можеби никогаш да дојде таа подобра европска реалност. Ова создава континурирана безпреспективност и континуирано иселување на работоспособното население и врвните експерти кои многу лесно ќе најдат адекватно вработување за себе и за своето семејство надвор.

Ангелоски, Претседател на Сојузот на Стопанските Комори на Македонија (ССКМ) во интервју за Капитал. Неодамна Сојузот на коморите одбела 20 години од своето постоење па овој разговор беше добра прилика компаниите членки на коморите да порачаат до надлежните задолжени за македонскиот економски развој, што е тоа што важно да се направи, а Македонија да почне да се развива значително и видливо.

ЗА ПЕРИОДОТ НА НАЗАД И ЗА МАКЕДОНСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ

По прогласувањето на независноста, прво се боревме да ја зачуваме независноста, и на некој начин да се спасиме од воениот конфликт кој беснееше во поранешната федерација. Наследивме економија која поради последица на воениот конфликт, што беснееше меѓу останатите републики ги изгуби најголемиот дел од пазарите на поранешната федерација.

Но, наместо да се концентрираме на брза и ефикасна приватизација, и на пласман на нашите производи на нови пазари, се одлучивме да вршиме бавна неколку деценискa приватизација полна со контроверзи, која до ден денешен како да не е комплет завршена.

Во дваесетте години на Сојузот на стопански комори поминавме економски кризи и политичка нестабилност, кадешто секогаш било тешко и деликатно да се работи. Ова придонесе до масовно иселување. Моторот на економијата - младите луѓе заминуваат. Се губи основната супстанца од која е составена економија.

Ова покажува дека се потребни итни мерки, кои ќе ја вратат перспективата и ќе овозможат услови за раст и развој. Потребна ни е стратегија за привлекување домашни и странски инвестиции во повеќе различни сектори, како на пример - туризам, инфраструктура, енергетика, земјоделие, трговија, прозводство на софистицирани производи ...

Екологијата и зелената транзиција ни се слаба страна. Земја која поседува 280 сончеви денови и според сончевиот потенцијал е послаба само од Кипар, Малта, Грција и Турција, а подобра од сите останати земји на европскиот континет, со што ни останува неискористен потенцијал кој може целосно да го реши прашањето за чиста енергија и енергетска ефикасност, а воедно може да станеме и нето извозник на енергија.

Исто така морам да потенцирам, дека на толку голем број сончеви денови, земјоделието е во континуиран пад, од причина што 70% од обработливите земјишта се празни и ништо не се одгледува на нив.

ШТО ДРУГО Е ВАЖНО

Дигитализација ни е слаба страна. Треба да се каже дека во вака мала земја е многу едноставно да бидеме целосно дигитализизирани. Ова доведува многу често да мораме да одиме од институција до институција и на тој начин губиме многу ресурси. Недоволното ниво на дигитализација преставува пречка за забрзан економски развој.

Понатаму, имаме голем број на домашни софтверски компании, кои работат разни софтверски решенија за скоро целиот свет, но не им даваме доволоно шанса дома. Доколку ова би било поинаку тие би обезбедиле референци со кои ќе обезбедат позитивен стимул за учество во нови проекти, а со тоа ќе обезбедат нови извозни договори кои ќе донесат нов девизен прилив.

Следно ... поддршката на државата преку Државната развојна банка, треба да е континуиран процес и оваа банка треба за изгради сопствен капацитет за работа директно со компаниите.

Објаснувањето дека банката нема доволен капацитет за директно работење со компаниите, не е комплетно точна.

На пример, истата банка има оддел за осигурување на побарувањата, кој директно работи со компаниите без посредство со банките. Врз основа на ова потребно е да се доизгради структурата на оваа банка и во иднина да може директно да работи со компаниите и да ги подржува секторите за кои државата ќе процени дека им е потребна поддршка.

За моменталната состојба и преговорите имаме разбирање за позициите на комерцијалните банки, кои се профитни друштва, и кои треба да им обезбедат адекватна дивиденда на акционерите, такашто неможат да обезбедат распределба на овие средства без никаков надоместок.

Затоа сметаме дека државата треба да ја докапитализира Државната развојна банка од одредени идни заштеди, кои може да ги направи, и оваа банка да претставува реален мотор за развојот на нашата земја како што е тоа случај и во други земји во светот.

Понатаму што е друго важно? Високиот степен на традиционалност и недоволниот развој на женскиот потенцијал, ни создава обврска да го развиваме

Следно... поддршката на државата преку Државната развојна банка, треба да е континуиран процес и оваа банка треба за изгради сопствен капацитет за работа директно со компаниите. Објаснувањето дека банката нема доволен капацитет за директно работење со компаниите, не е комплетно точна. На пример, истата банка има оддел за осигурување на побарувањата, кој директно работи со компаниите без посредство со банките. Врз основа на ова потребно е да се доизгради структурата на оваа банка и во иднина да може директно да работи со компаниите и да ги подржува секторите за кои државата ќе процени дека им е потребна поддршка.

За моменталната состојба и преговорите имаме разбирање за позициите на комерцијалните банки, кои се профитни друштва, и кои треба да им обезбедат адекватна дивиденда на акционерите, такашто неможат да обезбедат распределба на овие средства без никаков надоместок.

Затоа сметаме дека државата треба да ја докапитализира Државната развојна банка од одредени идни заштеди, кои може да ги направи, и оваа банка да претставува реален мотор за развојот на нашата земја како што е тоа случај и во други земји во светот.

Особено значајно е што Сојузот се позиционира како мост меѓу домашните компании и странските пазари. Преку учество на меѓународни саеми, бизнис форуми и деловни средби, овозможивме интернационализација на македонските компании, зајакнување на извозната конкурентност и создавање трајни партнерства.

Истовремено, Сојузот ги препозна глобалните трендови и ја прилагоди својата работа кон потребите на дигитализацијата, одржливоста, зелени инвестиции и ESG стандардите. Овие приоритети, заедно со поддршката на женското претприемништво и родовата еднаквост, ја позиционираат организацијата како двигател на современите економски промени.

Сојузот на стопански комори е повеќе од организација – тој е гласот на македонската деловна заедница и доверлив партнер за сите компании кои веруваат во економскиот потенцијал на земјата. Со оваа годишнина, гледаме кон иднината со уште поголема решителност, подготвени да продолжиме да ја градиме економијата на Македонија на иновативни, одржливи и конкурентни основи.

женското претприемништво, и да го зголемиме потенцијалот на идните генерации жени во бизнисот, кои што ќе преставува голема додадена вредност на бизнисите и економијата. Нашата земја губи скоро една третина од растот на БДП поради недоволна вклученост во економијата и во бизнис заедницата на жените во нашата земја.

КАКО МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ПРЕТСТАВУВА ПОСИЛНО НАДВОР

Во однос на надворешна политика и надворешна трговија, Македонија направи квалитативна промена со изборот на последната влада, реформирајќи го овој сектор за надворешни работи каде што од само политичко преставување се прејде кон создавање платформа, која на македонската дипломатија ќе и даде поширок поле на делување. На вистински начин дипломатската мрежа ќе може да допринесе на сериозен начин, адекватно да ги застапува интересите на државата и нејзините граѓани. Не очекува напорна работа на промоција на државата на сите саеми и манифестации низ светот, да ги презентираме можностите и потенцијалите на нашата земја. Во овој момент ние како земја се претставуваме само на локалните саеми во нашиот регион, а за тоа скоро и да не ни треба претставување, бидејќи во регионот сме добро познати. Важно е претставувањето на државата во меѓународните организации.

ЗА СОРАБОТКАТА СО ВЛАДИТЕ ВО ПРЕТХОДНИТЕ 20 ГОДИНИ

Јас како член на Генералниот Совет на Светската федерација на стопански комори во Париз, многу често можам да ја забележам разликата на заинтересираноста на државите да партиципираат и да ги набљудуваат своите претставници за учеството во ваквите изучително значајни меѓународни организации, кадешто членуваат и се создаваат лоби групи кои влијаат на градењето политики на своите влади кон одредена земја.

Во оваа прилика би сакал да истакнам дека до овој момент никој службено ме нема повикано во ресорните министерства, се со цел взаемно да се информираме и да изградиме адекватна стратегија, која е неопходна за координирано делување во ваквите организации и покрај тоа што Македонија има амбасада во Париз, што ја прави комуникацијата и контактот со овие организации многу полесен. Соработката со досегашните македонските влади, без оглед од која било политичка ориентација доаѓаат, е на незадоволително ниво со мали исклучоци. Ова преставува ограничувачки фактор за динамичен развој на економијата. Изолираноста на политичарите допринесува до недоволен прилив на свежи и актуелни информации и модерен пристап до економските движења. Еден еклатантен пример за ваквите случувања е образовниот систем, се образуваат кадри кои се некомпатибилни со пазарот на труд, а од друга страна континуирано се намалува бројот на ученици, додека бројот на вработени расте по единица ученик. Ваквиот пристап доведува до една неодржлива ситуација, која на долг рок нанесува непоправлива штета на македонската економија и општество.

ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ И КОИ СЕКТОРИ СЕ НАЈВАЖНИ

Државата не треба да се поставува во ситуација да носи одлуки во кои сектори ќе ги насочуваат инвестициите. Таа треба да создаде рамка, која ќе овозможи инвестиции во сите сектори. Потоа треба да му остави на менаџментот да си ја одработат својата работа, и да ги пронајдат најпрофитабилните сектори и начини на инвестирање. Нашата држава го прави сосем спротивното. Оформи државна Агенција за привлекување инвестиции, која ја раководат политичари, кои не биле дел од бизнис секторот и секогаш има одредни скандали врзани за оваа агенција.

Тотално е бирократизирана со што ја отежнува слободната пазарна економија, како што е дефинирана според Уставот. Времето и енергијата ние стопанствениците континуирано ги губиме во оромен број бирократски процедури, без логичен крај. Државата не презема решителни мерки за сузбивање на сивата економија, која како канџер го разјадува ткивото на македонската економија, Врз основа на ова официјалните проценки на меѓународните финансиски институции велат, дека сивата и црната економија е скоро на ниво од над 40% од БДП.

ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Во ваква состојба македонските компании активно бараат спас во работење на надворешните пазари, тие можат да обезбедат нови клиенти, зголемен приход и позитивни резултати. За да патувате и развивате трговија во регионот потребна ви е квалитна патна инфраструктура и модерни гранични премини, кои ќе ни овозможат брз проток на луѓе,стоки, капитал и идеи. За жал, на ова поле не можеме да се пофалиме.

Промотивно до 31 декември

НЛБ **Виолетов потрошувачки кредит**

Сè што сакаш побрзо од што очекуваш

ПРИМЕР ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА ВИОЛЕТОВ ПЛУС ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТ
Износ: 600.000 МКД, каматна стапка 7,10%* годишно (СВТ 8,66%, рок на отплата 120 месеци, 0% манипулативни трошоци, 600 МКД трошок за апликација, месечен ануитет: 6.997 МКД, вкупен износ за враќање**: 882.558,00 МКД).
*Каматната стапка е фиксна за цел период на отплата.
** Во пресметката на вкупен износ за враќање е вклучена премијата за Сигурност-плус осигурувањето

NLB Banka

Екологијата и зелената транзиција ни се слаба страна. Земја која поседува 280 сончеви денови и според сончевиот потенцијал е послаба само од Кипар, Малта, Грција и Турција, а подобра од сите останати земји на европскиот континет, со што ни останува неискористен потенцијал кој може целосно да го реши прашањето за чиста енергија и енергетска ефикасност, а воедно може да станеме и нето извозник на енергија.

Исто така морам да потенцирам, дека на толку голем број сончеви денови, земјоделието е во континуиран пад, од причина што 70% од обработливите земјишта се празни и ништо не се одгледува на нив.

Рекордери сме според должината на градба на одредени автопатски решенија. Не постои јасна политика за развој и изградба на патната инфраструктура со доза на транспарентност. Напротив, се носат закони во Парламентот со брутално прекршување на правилата на пазарната економија и адекватен натпревар на економските оператори, кадешто ќе можат да се натпреваруваат со подобри услови како цена, квалитет, рок на изработка и придонес при изградбата кон локалната економија. Последните гранични премини кои сме ги направиле се стари и повеќе од 20 години. Најголемиот дел ни се наследсво од поранешната држава, а нивниот капацитет е одамна надминат и недоволен.

Во однос на железничкиот собраќај, кој датира во Скопје од 1872 год како дел од "Oriental railways" – ориенталната железница во Отоманската империја ја добива првата железничка пруга на релација Скопје - Солун, која преставува и тогаш, и денес, главен трговски центар и апсолутно најбитното пристаниште за македонскиот бизнис за поврзување со светот.

Денес во 2024 година, ние не можеме да купиме билет за ниеден меѓународен воз од Железничката станица во Скопје, додека светот се натпреварува кој ќе изгради побрза и помодерна железница. Ние се натпреваруваме да го уништиме и она што сме го имале.

Сепак тука има светла точка на крајот од тунелот, а тоа се заложбите на новата Влада, која се залага да се почне со изградба на брза пруга во првиот момент кон два главни правци Белград, и потоа кон Будимпешта и западна Европа, и се разбира кон Солун. На овој начин сметаме дека нашата земја ќе го добие заслуженото место да биде крстопат, место на средба помеѓу северот и југот- истокот и западот.

Во врска со авионскиот траспорт, и со давањето на концесија на двата меѓународни аеродроми, ние ги добивме само делумно ефектите што ги очекувавме од скопскиот аеродром, којшто е пуштен во употреба во 1929 година. Тој е меѓу првите во регионот, кој има одлична местоположба на самиот автопат Е75, што му овозможува одлични услови за развој. Во непосредна близина го има Скопје еден од поголемите градови во регионот. Меѓутоа бројот на летови и нивната цена не ни овозможува добро поврзување со светските метрополи. Со ова бизнис секторот не ја добива адекватната логистичка поддршка од овој вид на брз и ефикасен транспорт.

Оттука, сметаме дека по

Брзо, лесно и безбедно со ЕВН онлајн! Одберете ја услугата што ви треба!

Пријавете се за електронска сметка.
Платете сметка брзо без регистрација.
Пријавете состојба на вашето броило.
Регистрирајте се на „Мој ЕВН Хоме“ и:

- проверете вкупен долг
- плаќајте сметки без провизија
- побарајте потврда за уплата
- имајте увид во сите онлајн трансакции
- преземете копии од сметки од последните 12 месеци
- регистрирајте повеќе броила на еден профил или едно броило на повеќе профили

evnonline.mk

evnonline.mk

EVN

Енергија. Живот. Иднина.

ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Сојузот на стопански комори на Македонија, со својот две деценски придонес во развојот на македонската економија, претставува пример за визија, посветеност и истрајност. Оваа значајна годишнина е доказ за постигнатите резултати и за преспективите за иднината. Во изминатите 20 години, Сојузот учествуваше во креирање на деловната клима во Македонија, со посебен акцент на поддршката на малите и средни претпријатија. Со напорна работа, проактивно застапување пред државните институции и меѓународна соработка, ССК успешно придонесе кон економскиот раст и отворањето нови можности за компаниите.

завршувањето на концесијата на постоечкиот концесионер на двата аеродроми, следната концесија да се даде на две различни компании, кои ќе можат да создадат пазарна конкуренција и да го развиваат на адекватен начин авиообраќајот, кој ние го сметаме за круцијален за развој на динамичен бизнис сектор и модерна економија.

Во поморскиот траспорт, солунското пристаниште е за нас најважно пристаниште кое се наоѓа на само 235 км од Скопје. Нашата јужна граница се наоѓа на само 90 км од солунското пристаниште, и ова преставува огромен ресурс кој треба, и мора, да се искористи за изградба на слободни трговски зони – "dry dock", каде ќе може да се складира стока која може да се комисионира и понатаму ќе може да се испорачува низ Европа. На овој начин ние ќе имаме историска шанса да им станеме мал конкурент на Копер, Ријека, Трст, Џенова, Ротердам, Хамбург и Антверпен. Ова повторно покажува дека ја имаме местоположбата и од нас зависи дали ќе ја препознаеме шансата за развој, бизнис можности и напредок.

Второ по важност пристаниште ни е е Драч, кое се наоѓа на 337 км од Скопје и 5,5 часови патување, а од Струга на само 152 км. Ова покажува дека инфраструктурата со ова прво алтернативно пристаниште ни е во катастрофална состојба, и згора на тоа немаме железничко поврзување со ова пристаниште – или кажано со народен жаргон, како да немате виљушкар, средство за утовар и истовар во компанијата, и да морате на раце да ја истоварате комплетната стока која ја примате и испорачувате.

Не постојат многу земји на светот кои имаат можност да имаат пристап до повеќе пристаништа и различни моријна, тоа го може само нашата чудесна Македонија и сеуште адекватно не сме го искористиле.

ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ГЕОПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТИ

Се наоѓаме во сложен глобален, геополитички и економски контекст, кадешто се случуваат глобални геостратешки промени. И Европската Унија се соочува со сериозни економски проблеми. Ние сме мала земја со ограничени ресурси, која, пак, очекува без да работи, и да не вложува во ништо, да биде примена во Европската Унија. А да ни дадат доволно средства за конфорен живот. Оваа слика не е реална и не е остварлива.

Здравството и образованието ни се во лоша состојба, екологијата исто, правната држава како поим не постои, политичарите даваат празни ветувања, кои по краток временски период ја губат довербата и заминуваат. Можеби остварите некои од нивните финансиски цели, но воопшто не се возбудуваат бидејки мандатот го завршиле неуспешно.

Ваквата слика создава фрустрации кај обичните луѓе, кои немаат неограничено време на располагање да чекаат еден ден или можеби никогаш да дојде таа подобра европска реалност. Ова создава континурирана безпреспективност и континуирано иселување на работоспособното население и врвните експерти кои многу лесно ќе најдат адекватно вработување за себе и за своето семејство надвор.

На ваквата слика се надоврзуваат и одредени евродипломати кои даваат празни ветувања, создаваат административни бариери и ја држат целокупната држава, а можеби и целокупниот регион на Западен Балкан со сите нејзини граѓани во една блокирана состојба без јасен крај. Ваквата состојба не наведува на еден логичен заклучок, дека мораме да ги надминеме сите политички, национални и религиски разлики и да разбереме дека сите ние имаме добри и лоши страни и дека мораме да се обединиме и да го развиваме нашиот регион да биде еден од најперспективните региони во Европа.

Регионалната соработка е суштинска за напредок на нашата земја и нашите соседи. Не е битно како се вика процесот, Опен Балкан или Берлински процес. Нас ни треба инфраструктура за брзо и ефикасно патување без застој на границите, за оваа мала географска површина да и го дадеме вистинскиот сјај.

Сум присуствувал на повеќе регионални самити на Опен Балкан. Веќе почнува да се создава една клима на доверба и соработка, очигледно политичарите од регионот почнуваат да ја разбираат релноста дека во регионалната соработка нема некој кој добива, а некој да изгуби нешто, туку сите добиваат. Македонија е една од најмалите земји во регионов, и логично е да е најзаинтересирана и мотивирана да изрази спремност за унапредување на соработката. Од досегашното искуство со Отворен Балкан одржани се над дваесетина самити, а додека активни се само неколку мерки. Ова ја наметнува потребата од зголемување и убрзување на регионалната соработка. Искрено се надевам дека во идинина и нашите соседи Грција и Бугарија кои се дел од Европската Унија, ќе го препознаат моментот и фактот дека имаме заеднички граници. Фактот дека нивните погранични региони трпат штети поради недоволната

ProCredit Bank
Раскомоти се,
сега си дома!
Станбен кредит
3,25%
фиксна камата
за период од
5 години
Без полиса за животно осигурување
02/2446-000
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk
Следете нè на

регионална соработка.
Постои интересен факт за двете членки на Европската Унија, Грција и Бугарија, а тоа е дека најкраткиот пат кон западна Европа и остатокот од ЕУ за овие две земји поминува преку земјите на Западен Балкан. Па според логика на нештата квалитетната инфраструктура им е од витално значење на овие две членки, бидејќи без тоа преставуваат изолиран дел од ЕУ.

КАКО ДА СЕ ИЗЛЕЗЕ ПОСИЛНО НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР И ШТО ПРЕТСТАВУВА ССКМ ДЕНЕС?

Ние во Сојузот на стопански комори континуирано работиме кон создавање на мрежа на меѓународни релации, се со цел да ги охрабриме фирмите да направат адекватни чекори кон проширување на нивниот бизнис на странските пазари. На тој начин се намалува зависноста од локалниот пазар и диверзификација на приходите како и раст на македонските компании. Нашата мрежа меѓународни организации е навистина голема како на европско така и на светско ниво. Како најбитна би сакал да ја споменам Светската стопанска комора и Светската федерација на Стопански комори. Нашиот пристап до овие организации е преку мојот избор на директно гласање од страна на 190 земји и комори, и ова преставува прв случај во историјата на нашата земја некој кандидат да успее да го постигне ова достигнување.
Во Генералниот совет како еден од 20 членови преставува привилегија да се учествува, придонесува и да се донесуваат многу битни одлуки за фунционирање на трговијата, бизнисот и меѓународната економска соработка.
Сојузот на Стопански Комори, основан во 2004 година од страна на ентузијасти во приватниот бизнис кои го почуствуваа моментот и што покажа дека се создава нова реалност. Таа беше дека македонските компании создадени од приватниот капитал почнаа да го заземаат своето заслужено место во општеството и пред институциите на државата.
Денес Македонија има демонополизиран систем на стопански комори без обезбедување на ексклузивитет на никоја комора пред другите. Денес Сојузот на Стопански Комори претставува едно од најактивните бизнис регионални мрежи, преставена на сите нивоа и пред сите државни и регионални институции. Ова покажува дека нашата земја иако е мала може да биде адекватно преставена, и на овој начин државата може да биде една многу битна трговска точка на Балканот.
Во Сојузот членуваат и се назначени на најодговорни позиции врвни професионалци, кои секој во својата област е експерт и поседува врвно познавање од тематиката за која е задолжен, а со тоа може да го даде најдобриот општествен импакт кон унапредување на конкретната област на економија.
Сите членови на Сојузот се максимално фокусирани да креираат подобри решенија и модалитети со кои ќе се креира поповолна бизнис клима. Во следниот период имаме доста амбициозни развојни планови, кои се базирани на модерен пристап за создавање поволни бизнис услови и креирање на поволна економска клима. Ќе работиме на издигнување и осовременување на состојбите, кои ни се силна страна во моментов и убеден сум дека ќе успееме во тоа. Човечкиот потенцијал со кој располага Сојузот на стопански комори е највредниот ресурс и тој ќе биде клучниот елемент кој ќе овозможи динамично придвижување на работите напред. Сигурен сум дека и во следните 20 години ќе добие повеќе на квалитет и Сојузот ќе ја покаже својата сила и моќ, ќе се справи со сите предизвици кој ќе се појават пред него.

ЕДИНСТВЕН. ЗАСЕКОГАШ.

Новиот 911.

Секој што сонува за Porsche обично има јасна слика во својот ум: 911 е олицетворение на возбудлив, моќен спортски автомобил со секојдневна употребливост веќе 60 години. Седнете зад воланот на новиот 911 и станете дел од единствена заедница.

PORSCHE

911 Targa 4 GTS: потрошувачка на гориво комбинирана во l/100 km (WLTP): 11.0–10.8; Емисии на CO_2 комбинирани во g/km (WLTP): 250-244; Статус на 11/2024.

АНАЛИЗА: ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ СО АМЕРИКАНСКАТА И СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА ПО НАЈАВИТЕ НА ТРАМП ЗА ВИСОКИ ЦАРИНИ КОН КАНАДА, МЕКСИКО, ЕВРОПА И КИНА

...продолжува од страна 8

Така, Европа ќе треба да одлучи која е поголема закана - Америка или Кина. Засега, европските политичари разбираат дека поголема закана е Кина. Сепак, не сите во ЕУ се на исто мислење.

Економистот Даниел Гро пишува дека одржувањето на мирни трговски односи меѓу ЕУ и САД треба да биде главен приоритет на европските креатори на политики во следните четири години.

„Планот на Трамп да воведе царина до 60 отсто за кинеските производи може да биде конкурентна предност за европските производители. Оваа динамика е веќе евидентна на американскиот пазар на автомобили, каде што компаниите со седиште во ЕУ напредуваат, а кинеските електрични возила се исклучени поради царините од 100% на претседателот Џо Бајден .

Сепак, Грос е преоптимист за две работи. Прво, нема да може ЕУ да одржува добри односи и со САД и со Кина. Да се биде пријател на САД ќе биде можно само под Трамп со воведување високи царини против Кина. И второ, Грос романтично забележува дека трговската политика останува една од ретките области каде што Европската унија може да дејствува како единствен ентитет, и затоа земјите можат да координираат стратешки одговор.

Трговската војна меѓу Кина и САД е поверојатно да ги зголеми разликите, конфликтите и поделбите меѓу европските земји. Помеѓу оние кои се за Кина (и Русија) и оние кои се за САД. И тоа во време кога војната во Украина станува се покомплицирана.

Во секој случај, позицијата на Трамп е подобра за САД отколку за Европа. „Да претпоставиме дека САД воведуваат тарифи за партнерите во НАТО и се заканuваат дека ќе ги намалат заедничките одбранбени обврски на НАТО доколку земјите се одмаздат. Европа може да возврати и да воведе царини за увоз на американски стоки. Меѓутоа, во исто време ќе мора значително да ги зголеми сопствените трошоци за одбрана. Со тоа ќе го олесни товарот на САД врз глобалната безбедност. Европа што се грижи за сопствената безбедност им дозволува на САД да се фокусираат на Кина. Ова е многу поголема економска и безбедносна закана за Америка од Русија“, потсетува Миран. Драги Европејци, останuваме сами.

Во секој случај, позицијата на Трамп е подобра за САД отколку за Европа. „Да претпоставиме дека САД воведуваат тарифи за партнерите во НАТО и се заканuваат дека ќе ги намалат заедничките одбранбени обврски на НАТО доколку земјите се одмаздат. Европа може да возврати и да воведе царини за увоз на американски стоки. Меѓутоа, во исто време ќе мора значително да ги зголеми сопствените трошоци за одбрана. Со тоа ќе го олесни товарот на САД врз глобалната безбедност. Европа што се грижи за сопствената безбедност им дозволува на САД да се фокусираат на Кина. Ова е многу поголема економска и безбедносна закана за Америка од Русија“, потсетува Миран. Драги Европејци, останuваме сами.

Трето. Што може да се предвиди со царинскиот ѕид на Трамп. Пријателите под безбедносна и економска заштита на САД ќе уживаат подобри трговски и валутни услови. Американскиот безбедносен чадор нема да биде слободен. Трошоците за одбрана ќе се зголемат. За непријателските земји, патиштата кон меѓународната трговија ќе бидат потешки, како и патот до американскиот купувач. Ќе паднат цените на имотот и инвестициите во земјите кои не се пријатели на Америка. Очекувајте флуктуации на берзите.

Ризиците ќе се зголемат. Можеме да очекуваме зголемена нестабилност на валутните пазари.

Земјите кои нема да бидат во пријателскиот круг на Америка, особено Кина или асоцијацијата БРИК , ќе се обидат да го зголемат своето исклучување од доларот како светска валута. Така ќе се обидат да го зголемат влијанието на јуанот, или влијанието на која било „валута БРИК“. Миран оценува дека и овие обиди однапред ќе бидат осудени на неуспех.

И што ќе се зајакне? Златото и Биткоинот.

Четврто. Армагедон со тарифи?

Прво, блажено го сумиравме истражувањето, кое не предвидува армагедон за САД кога ќе се воведат тарифи, туку сосема спротивно. Сега да привлечеме внимание на нешто сосема друго. До пресметките и предвидувањата на Институтот Петерсон.

Пресметката има две сценарија. И во двете сценарија, царинските давачки за увоз од Кина се земени со 60 отсто, а за сите останати увозни од десет отсто. Во пресметките не се земени предвид последиците од можните царински контрамерки од други земји.

